ЈОВАН ЈОНОВСКИ, СОНЦЕТО И ЛАВОТ КАКО СИМБОЛИ ВО ХЕРАЛДИКАТА И ВЕКСИЛОЛОГИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКО ГРБОСЛОВНО ДРУШТВО, СКОПЈЕ 2019, 186 СТР.; ISBN 978-608-66337-0-7. 1200 ДЕН.

Иван Нацевски

JOVAN JONOVSKI, SONCETO I LAVOT KAKO SIMBOLI VO HERALDIKATA I VEKSILOLOGIJATA NA MAKEDONIJA [THE SUN AND THE LION AS SYMBOLS IN HERALDRY AND IN VEXILLOLOGY OF MACEDONIA]. SKOPJE: MAKEDONSKO GRBOSLOVNO DRUSHTVO; 2019, 186 P.; ISBN 978-608-66337-0-7. 1200 DEN.

Ivan Nacevski

https://orcid.org/0000-0002-7169-6039
https://doi.org/10.47763/mher2025.6607



Во 2019 година, во издание на Македонското грбословно друштво од печат монографијата на д-р Јован Јоновски со наслов Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата на Македонија. Оваа книга претставува докторска теза на авторот одбранета во јули 2018 година на Институт за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Книгата ги истражува лавот и сонцето како симболи во материјалната и духовната култура во Македонија од најдлабока древност до денес, како и нивната употреба на знамиња и грбови поврзани со Македонија. Во неа се опфатени два главни периоди, а имено, периодот пред формирањето на македонската држава до 1944 година и периодот од тогаш па до 2017 година. Обработената тема е мултидисциплинарна што го тера авторот да ги земе предвид етнолошките, историските, социјалните, социолошките, правните и политичките аспекти. За да се постигне ова, Јоновски ја води темата на истражување во делото низ вовед и пет поглавја, а на крајот дава заклучок за состојбата.

Во воведниот дел од книгата, Јоновски накусо го дефинира основниот предмет на неговиот

In 2019, published by the Macedonian Heraldic Society, the monograph of Dr. Jovan Jonovski appeared under the title *The Sun and the Lion as Symbols in the Heraldry and Vexillology of Macedonia*. This book represents the author's doctoral dissertation, defended in July 2018 at the Institute of National History at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. The book explores the lion and the sun as symbols in the material and spiritual culture of Macedonia from the deepest antiquity to the present day, as well as their use on flags and coats of arms connected with Macedonia. It covers two main periods: the time before the formation of the Macedonian state up to 1944, and the period from then until 2017. The subject is multidisciplinary, which compels the author to take into account ethnological, historical, social, sociological, legal, and political aspects. To achieve this, Jonovski structures the research through an introduction and five chapters, concluding with a synthesis of the findings.

In the introductory part of the book, Jonovski

научен интерес, како и целите и задачите на истражувањето. Претставен е опсежен осврт на досегашните истражувања на хералдичка и вексилолошка тема во светски и домашни рамки. Тука авторот ги поставува своите основни хипотези и дава преглед на начинот на истражување, кое вклучува анализа на изворите, описи и типизација на симболите и нивна категоризација.

Во првото поглавје, со наслов „Симболите и општеството: теориска рамка“ Јоновски дава теоретската рамка за симболите и општеството, која опфаќа теоретски дел за семиотиката, грбот и знамето и нивната функција во општеството, како и процесот на избор на амблеми и примена на нивните грбови и знамиња. Исто така се воведени и принципите на хералдиката, вексилологијата. На овој начин авторот ги осветлуваат процесите на појава и развој на симболите – сонце и лав во хералдиката и вексилологијата поврзани со територијата на Македонија, како и трансформацијата на нивните значења низ времето.

Во второто поглавје, „Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата поврзана со Македонија до 1944“, д-р Јоновски ја прикажува појавата и значењата на сонцето и лавот во грбовите и знамињата поврзани со Македонија, преку поднасловите: „Припишаниот грб на Александар Македонски во средновековна Европа“; „Земските грбови на Македонија“ и „Знамињата во текот на националното ослободување во 19 век“. На овој начин авторот ги покрива сонцето и лавот како симболи во духовната и материјалната култура, како и во хералдиката и вексилологијата. Фокусот на лавот во припишаните грбови и знамиња на Александар Велики во средновековна Европа и таканаречениот земски грб на Македонија во илирската хералдика авторот го насочува и кон подоцнежната апликацијата на сонцето и лавот на знамињата за време на македонското национално движење од 19 век.



briefly defines the basic subject of his scholarly interest, as well as the aims and tasks of the research. A comprehensive overview of previous heraldic and vexillological studies in both global and domestic contexts is presented. Here the author sets out his main hypotheses and provides an outline of the research methodology, which includes source analysis, description and typology of symbols, and their categorization.

The first chapter, entitled “Symbols and Society: Theoretical Framework”, provides the theoretical basis for symbols and society, encompassing semiotics, the coat of arms and the flag, and their function in society, as well as the process of choosing emblems and applying coats of arms and flags. The principles of heraldry and vexillology are also introduced. In this way, the author illuminates the processes of emergence and development of the symbols—the sun and the lion—in heraldry and vexillology related to the territory of Macedonia, as well as the transformation of their meanings over time.

The second chapter, “The Sun and the Lion as Symbols in the Heraldry and Vexillology Connected with Macedonia until 1944”, presents the appearance and meanings of the sun and the lion in coats of arms and flags associated with Macedonia, through subsections such as “The Attributed Arms of Alexander the Great in Medieval Europe”, “The Territorial Arms of Macedonia”, and “Flags during the National Liberation in the 19th Century”. In this way, the author covers the sun and the lion as symbols in spiritual and material culture, as well as in heraldry and vexillology. The focus on the lion in the attributed arms and flags of Alexander the Great in medieval Europe and the so-called land arms of Macedonia in Illyrian heraldry is



Во следното поглавје „Сонцето и лавот во современата хералдика и вексилологија во Македонија по 1944“, односно по формирањето на македонската држава, во рамките на Југославија во 1944 година, се разгледани социополитичкиот и културниот контекст на појавата на сонцето во државните симболи на СР Македонија, химната и грбот. Преку вклучените поднаслови, авторот прави осврт на симболичките претстави на сонцето/лавот на македонскиот грб и знаме, на нивната присутност, односно отсуство во југословенски контекст. Разгледана е и популаризацијата на лавот како симбол на Македонија и на сонцето и лавот како симболи што ги користи и македонската дијаспора.



Период по осамостојувањето на Македонија во 1991 година, е разгледан во четвртото поглавје со наслов Симболичните претстави на сонцето и лавот на македонскиот грб и знаме по 1991 година. Тука се проучени социополитичкиот контекст на изборот на симболите, и симболизацијата на политичките партии. Опфатен е парламентарниот процес за изборот на симболи на Република Македонија, вклучувајќи ги и предлозите за грб и знамето на државата. Тука се вклучени и симболите на сонцето и лавот на националното знаме и грбот во поединечни наративи, перцепции и емоции. Во ова поглавје Јоновски дава и соодветна анализа на застапеноста на конкретните симболи направена и за периодот по 1991 година, во независна Македонија, вклучувајќи и некои предлози кои учествувале на конкурсите за избор на знаме кај кои се јавуваат конкретните симболи. Ова поглавје, меѓу другото, се занимава и со анализа на политичките и индивидуалните наративи присутни во јавната сфера за конкретните симболи, како амблеми на знаме, односно грб.



Во рамките на последното петто поглавје Сонцето/лавот во општинските грбови и знамиња во Република Македонија во кни-

extended to the later application of the sun and lion on flags during the Macedonian national movement of the 19th century.

The next chapter, “The Sun and the Lion in Contemporary Heraldry and Vexillology in Macedonia after 1944”, i.e., after the formation of the Macedonian state within Yugoslavia in 1944, examines the socio-political and cultural context of the appearance of the sun in the state symbols of SR Macedonia, the anthem, and the coat of arms. Through its subsections, the author reviews the symbolic representations of the sun/lion on the Macedonian coat of arms and flag, their presence or absence in the Yugoslav context, and the popularization of the lion as a symbol of Macedonia, as well as the use of the sun and lion by the Macedonian diaspora.

The period after Macedonia’s independence in 1991 is examined in the fourth chapter, “Symbolic Representations of the Sun and the Lion on the Macedonian Coat of Arms and Flag after 1991”. Here the socio-political context of the choice of symbols and the symbolism of political parties is studied. The parliamentary process for selecting the symbols of the Republic of Macedonia is covered, including proposals for the coat of arms and flag of the state. The chapter also addresses the sun and lion as symbols in national flags and coats of arms within individual narratives, perceptions, and emotions. Jonovski provides an analysis of the representation of these symbols in independent Macedonia after 1991, including some proposals submitted in competitions for the national flag that featured these symbols. This chapter also deals with political and individual narratives present in the public sphere regarding these symbols as emblems of the flag and coat of arms.

In the fifth and final chapter, “The Sun/Lion in Municipal Coats of Arms and Flags in the Republic

гата се става акцент на поврзаноста на територијалната хералдика со административната поделба во Македонија. Како дел од современата македонска територијална хералдика и вексилологија разгледана е употребата на сонцето на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија при што авторот дава своја анализа за состојбата.

Во заклучокот на монографијата, синтетизирајќи ги резултатите, авторот д-р Јован Јоновски успева да донесе релевантни заклучоци, кои претставуваат придонес не само во областа на македонската вексилологија и хералдика туку, уште повеќе, придонес во културната историја на Македонија.

При создавањето на ова дело авторот се служи со богата и разна литература. Авторот ги користи архивите на град Скопје и на Државниот архив како и фондот Александар Матковски при архивот на МАНУ. Користени се и сеќавања, односно интервјуа со различни учесници во процесите за избор на грб и знаме. Во библиографијата се заведени над триста единици и триесетина правни акти. Како одраз на современоста во која живееме авторот за своите истражувања користи и видеозаписи и официјални интернет-страници од значење за неговото истражување. На тој начин оваа книга придонесува за збогатување на теоријата и практиката на македонската хералдика и вексилологија и поставување теоретска рамка за проучување на симболите како елементи на колективниот идентитет, што ќе станат државни симболи преку развојот на македонската државност.



of Macedonia", the book emphasizes the connection between territorial heraldry and the administrative division of Macedonia. As part of contemporary Macedonian territorial heraldry and vexillology, the use of the sun in municipal coats of arms and flags is examined, with the author providing his own analysis of the situation.

In the conclusion of the monograph, synthesizing the results, Dr. Jovan Jonovski succeeds in drawing relevant conclusions that contribute not only to Macedonian vexillology and heraldry but also, more broadly, to the cultural history of Macedonia.

In creating this work, the author makes use of rich and diverse literature. He consults the archives of the city of Skopje and the state archive, as well as the Aleksandar Matkovski collection at the archive of Macedonian Academy of Sciences and Arts. Memories and interviews with various participants in the processes of choosing the coat of arms and flag are also used. The bibliography lists over three hundred entries and about thirty legal acts. Reflecting the modern era in which we live, the author also employs video recordings and official internet sources relevant to his research. In this way, the book enriches the theory and practice of Macedonian heraldry and vexillology and establishes a theoretical framework for studying symbols as elements of collective identity, which become state symbols through the development of Macedonian statehood.

